# Скопје во замката на турбо-архитектурата

Анета РИСТЕСКА

**Краткото време од идеја до реализација на новиот лик на центарот на градот, архитектот Иван Мирковски, организатор на форумот „Скопје 2009", го оценува како турбо-архитектура и инстант-начин на раскажување на историјата.**

Несериозно е да се реконфигурира централното подрачје на главниот град, а за тоа да нема јавна расправа во која ќе бидат вклучени архитекти и урбанисти, кои би ја бранеле едната или другата опција, сметаат наши архитекти кои работат во Европа. Според нив, таквиот однос кон градот е вулгарен.

Нивниот став го поддржуваат и архитекти кои создаваат во Македонија нагласувајќи дека, од една страна, стручната јавност јасно се спротивставува на повеќето актуелни иницијативи, а втората опција ја бранат политичари и бирократи, кои во нормални услови треба само да ги спроведуваат во дело насоките за развојот на градот кои архитектите и урбанистите ги препорачуваат.




На новите скулптури им недостига современ уметнички пристап

## И контроверзните дебати добредојдени

За архитектот Билјана Стефановска, која работи во Дармштад, Германија, и контроверзните дебати се позитивни зашто тоа е дел од патот до добри решенија во архитектурата и за урбанизмот.

- За добро вклопување во градот, кога се работи за поголеми интервенции во просторот, во Германија на пример, не само што се водат јавни дебати и меѓу граѓани и меѓу стручњаци од разни дисциплини, туку урбаната ситуација детално се анализира, а тука спаѓаат и просторниот, историскиот, но и социјалниот, семантичкиот и климатскиот аспект, кој се разгледува интердисциплинарно. Овде како сè уште да е дефицит можноста за ваква посветеност - вели таа.

И за архитектот Иван Мирковски, кој неколку години работи во Виена, архитектура не претставува само техничка наука, која нè учи како да врземе тули во стабилен сегмент или, пак, како од песок да создадеме бетон. За него, таа е филозофија, која се труди да ги апсорбира сите знаења и од нив да направи социјален простор, кој ќе опслужува свесни биолошки организми.

- За да се промени архитектура, треба да се извршат најдлабоки корекции во нашето социјално и психолошко општење - вели тој.

Мирковски беше организатор на вториот форум „Скопје 2009", кој заврши викендов, а се одвиваше под наслов „Афтершок на постмодернизмот". На дебатната платформа, на која гостуваа над 15 интернационални гости и домашни експерти од областа на архитектурата, урбанизмот, социологијата и филозофијата, се разгледуваа моменталните состојби во градот, како и современите текови во архитектурата во Европа и во светот.

## Сè на еден квадратен километар

Архитектот Слободан Валевски, асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје, нагласува дека е особено нејасно зошто сите најавени и скоро реализирани интервенции во градот - скулптурите, црквата на плоштадот, Судската плата, куќата на Мајка Тереза, споменикот на Александар Македонски и на други ликови од македонската историја се планирани на помалку од еден квадратен километар.

Мирковски, пак, нагласува дека Скопје е класичен пример на град кој има тенденција да прогресира кон решенија кои денеска се водичи на современата архитектура.

Но, сепак, за него, новопоставените скулптури се пребрзо наметнати во нашиот видокруг, и се само еден фрагмент од таа забрзана глобализација која преку секакви форми се обидува да се наметне во секојдневието.

- Не ми пречи идејата да се украси градот, ми пречи реализацијата. Од идеја до реализација секогаш треба да постои простор, не само физички, туку и временски. Во спротивно, се работи за класичен пример на турбо- архитектура, инстант-начин на раскажување на својата историја преку форма која освен оптичкиот израз не нуди подлабока димензија - вели Мирковски.

Стефановска додава дека промени во градскиот простор се и неопходни и добредојдени, но смета дека урбаното ткиво е мошне комплексен систем, и за секоја промена тоа треба да се земе предвид.

- Важно е со промените да не се нарушува постоечкото, туку суптилно да се прочита урбаниот систем и соодветно да се интервенира во него. Додека се трага по нови слики за идентитет на градот, треба да се откријат и постоечките. Ме изненадува тоа, колку жители копнеат за идентификација со специфичен град, водени од неспецифичен архитектонски израз на разни стилови од минатото - вели Стефановска.

За неа Скопје има едно богатство на специфични урбани милјеа и архитектонски светови, а контрастот во градот на многу места го смета за единствен и интересен, но само кога се работи за навистина автентични градби, кои со својот концепт и израз се соодветни на времето во кое се поставени.

На скулптурите кои никнаа во градов, Стефановска смета дека им недостига современ уметнички пристап и израз.

## Одговор на едно време

За превирањата кои се случуваа во последниве месеци за новиот изглед на центарот на Скопје, дел од нашите архитекти велат дека се нормална појава, преку која една нација се обидува да создаде слика кон надворешниот свет. Градот, велат тие, е жива материја, тој опстојува како најпрепознатлив и најквалитетен феномен на човечката цивилизација. Токму поради неговиот флексибилен карактер.

-Тој не е конечен. Секогаш се надградува, доградува, подобрува, оформува. Затоа и не треба да се срамиме од нашата архитектура денес, бидејќи и таа е дел од приказната за развојот на нашиот град. Веројатно сме имале економска и културолошка потреба да продуцираме таква архитектура. Токму во тој контекст и треба да се разбере нашата денешна архитектонската продукција, како наш одговор на едно време, на одредени потреби - објаснува Валевски.

Стефановска, пак, смета дека во Скопје е впечатливо занемарувањето на поновото архитектонско наследство, архитектура која припаѓа на модерната.

- Ова не смее да остане пропуст, за кој ќе се каеме подоцна. Добри примери за односот кон традиционалната архитектура и за нејзино вклопување на современата, од кои би можеле да научиме, има во Шпанија, Португалија, Италија, Швајцарија, Јапонија - објаснува Стефановска.

Мирковски смета дека во моментов Скопје чекори напред со преголеми скокови за некои надворешни размери.

- Ако успееме тие чекори да ги усогласиме со одот на современото движење, ќе завршиме многу голема работа - додава тој. ●

## ВЕСТ ПО ВЕСТ

### Роденденски попуст во „Магор"

ПО ПОВОД три години од своето постоење, кафе-книжарницата „Магор" денеска почнува со голем попуст на своите изданија, кој ќе трае цел месец. Карактеристично за оваа акција е тоа што ќе има голем број на пакети во кои книгите ќе се продаваат по уште пониски цени од цените со попуст на поединечните книги. Така на пример, три филозофски книги по избор на купувачот ќе чинат 250 денари, а исто толку чини и пакет од три детски книги од едицијата „Што сè Ана знае".

### Заштита на културното наследство во Струмичко

ПОКРАЈ многуте систематски археолошки истражувања на Цареви кули и на други локалитети, Регионалниот завод за заштита на спомениците на културата и музеј во Струмица спроведува и низа други реставраторско-конзерваторски работи во струмичкиот, валандовскиот и во гевгелискиот регион.

Сезонава ќе биде заокружена изградбата на Конакот во средновековниот манастирски комплекс „Свети Леонтиј" во Водоча, потоа ќе биде санирана покривната конструкција на манастирот „Света Богородица Елеуса" во Вељуса, ќе биде извршена реставрација и конзервација на фреско-живописот во базиликата лоцирана под темелите на Орта-џамија и на мозаичниот под во Римската терма во Бања-Банско.

### Нова книга од Стојчевски

„УЗДА од ѕвезда" е насловот на најновата поетска книга на Санде Стојчевски.

Посебен елемент на неговите песни е еуфонијата, која произлегува од звучното доближување на лексичките единици, како и од еуфониската енергија и магија што можат да се истиснат од согласјето или од судирот на слоговите и на фонемите.

Книгата е во издание на „Три".